По улица Лондон

Саманта Јанг

Ако и ти сакаш книги...
ИЗДАВАЧКА КУЌА САКАМ КНИГИ
www.sakamknigi.mk

На светот има толку многу книги, а толку малку време...

Строго избрани одлични наслови за сите кои сакаат книги со уникатни приказни достојни за нивното време...

Наслов на оригиналот

Down London Road
© Samantha Young, 2013

Copyright © за македонското издание
Издавачка куќа Сакам книги, 2016

Издавач Издавачка куќа Сакам Книги
Преведувач Ивана Шутиноска
Лектор Марија Иванова

Главен уредник Ивана Спасев
Компјутерска обработка Деана Николовска
Дизајн на корица Диме Спасев

Печатење Графостил - Скопје, 2016
Тираж 1000 примероци

Сите права за книгата се задржани. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде препечатуван, копиран или објавуван во која било форма или на кој било начин во електронските или печатените медиуми, без писмена согласност од издавачот.

По улица Лондон

Саманта Јанг

Ако и ти сакаш книги...

1

Единбург, Шкотска

Го погледнав уметничкото дело и се запрашав, што, по ѓаволите, гледам јас. За мене тоа беа само еден куп линии и квадрати во разни бои со мали засенчувања овде-онде. Сликата ми изгледаше некако познато. Всушност, се сетив дека дома имам еден цртеж, скриен некаде, што ми го нацрта Кол кога имаше три години и многу наликуваше на неа. Сепак, се сомневав дека можам да очекувам некој да плати триста седумдесет и пет фунти за цртежот на Кол. Се сомневав и во здравиот разум на секој кој би платил триста седумдесет и пет фунти за парче платно кое изгледаше како да стоело до железничка пруга во истиот момент кога воз натоварен со боја излетал од шините и се превртел врз него.

Сепак, кога фрлив поглед околу мене, забележав дека на повеќето присутни во галеријата им се допаѓаа уметничките дела. Можеби јас не бев доволно паметна за да ги сфатам. Трудејќи се да изгледам пософистицирано заради моето момче, присвоив замислен израз на лицето и продолжив кон следното платно.

„Хмм, не разбирам“, низок, зарипнат глас прозборе зад мене. Секаде би го препознала тој глас. Зборовите имаа американски нагласок и мелодично се ширеа со остри консонанти на дијалект кој покажуваше дека говорителот живее во Шкотска околу шест години.

Почувствував олеснување кога ја наведнав главата и го пресретнав погледот на мојата најдобра другарка, Џос. За првпат вечерта искрено се насмевнав. Џоселин Батлер беше храбра Американка без влакна на јазикот која работеше со мене на шанк во едно доста модерно место, Клубот 39. Тоа беше подрумски бар кој се наоѓаше на една од најпознатите улици во градскиот центар - Џорџ Стрит - работевме заедно веќе пет години.

Облечена во црн дизајнерски фустан и Лубутин чевли, мојата не многу висока другарка изгледаше доста привлечно. Исто и нејзиното момче, Брејден Кармајкл. Стоеше зад Џос, со раката ја држеше нејзината половина и зрачеше со самодоверба. Беше толку згоден, да останеш со подзината уста. Тој беше тип на момче каков што барав со години, и да не ја сакав Џос толку многу, а и Брејден да не ја обожаваше до бесвест, ќе ја прегазев за да дојдам до него. Беше висок речиси 195 сантиметри што беше совршено за девојка со мојата висина. Јас имав околу 177 сантиметри, а кога ќе ги облечев вистинските потпетици бев повисока за околу 10 сантиметри.

Момчето на Џос беше секси, богат и интересен тип и лудо беше вљубен во Џос. Беа во врска веќе осумнаесет месеци. Можев да ги наслушнам свадбените ѕвона.

„Изгледаш прекрасно“, ѝ реков, гледајќи во нејзините облини. За разлика од мене, Џос имаше големи гради, а згора на сè и колкови и задник какви што секој би посакал. „Фала ви многу што дојдовте двајцата“.

„Ми должиш“, промрморе Џос, а веѓата ѝ се поткрена кога фрли поглед на другите слики. „Ќе морам да кажам еден куп лаги ако уметничката ме праша што мислам за делата“.

Брејден ја стегна за половината и ѝ се насмевна. „Па ако уметничката е претенциозна како нејзините дела,

зошто да лажеш кога можеш да бидеш брутално искрена?“

Џос му се насмевна. „Точно така“.

„Не“, се вмешав јас, знаејќи дека ако ѝ дозволев, токму тоа и ќе го направеше. „Бека е бивша девојка на Малком и тие сѐ уште се пријатели. Обиди се да се однесуваш со неа дрско како да си Роберт Хјуџис и на крај јас ќе бидам таа која ќе настрада“.

Џос се намурти. „Роберт Хјуџис?“

Воздивнав. „Тој беше познат уметнички критичар“.

„Интересно“. Џос злобно се насмевна. „Знаеш како велат, искреноста е доблест“.

Тврдоглавиот блесок во очите на Џос направи да се чувствувам како да имам кнедла во грлото. Џос беше тип на девојка која ако сакаше да каже нешто, не можеш да направиш ништо за да ја спречиш. Кога првпат ја запознав, беше многу повлечена личност и не сакаше да се меша во приватниот живот на пријателите. Откако го запозна Брејден многу се промени. Нашето пријателство се зацврсти и Џос беше единствената личност која ја знаеше вистината за мојот живот. Бев многу благодарна за нашето пријателство, но во моменти како овој посакував да се врати старата Џос, онаа која ги чуваше своите мисли и чувства само за себе.

Бев во врска со Малком Хендри речиси три месеци. Тој беше совршен човек за мене. Добар, опуштен, висок и богат. Малком беше најстариот од сите мои „момчиња спонзори“, како што Џос на шега ги нарекуваше. Сепак, имаше триесет и девет години и воопшто не беше стар. Годините воопшто не ми беа важни. Бев убедена дека можеби тој е вистинскиот и не сакав Џос да го загрози текот на нашата врска со навредување на неговата пријателка.

„Џоселин“ - Брејден повторно ја стегна за половината кога го забележа паничниот израз на моето лице - „мислам дека е најдобро да ја чуваш твојата мајсторија за подоцна“.

Таа конечно го прочита изразот на моето лице и ми ја стави раката на рамото. „Се шегувам, Џо. Ќе бидам примерна. Ветувам“.

Кимнав со главата. „Слушај, работите меѓу нас сега засега добро се одвиваат“.

„Малком изгледа како добро момче“, Брејден се согласи.

Џос испушти некаков звук од дното на грлото, но и двајцата го игнориравме. Мојата другарка имаше јасно мислење за мојот избор на момче. Убедена беше дека го искористувам Малком и дека тој ме искористува мене. И навистина, тој беше многу дарежлив, а мене ми беше потребна неговата дарежливост. Сепак, вистина беше дека искрено го сакав. Уште од мојата „прва љубов“, Џон, кога имав шеснаесет години, излегував со шармантни мажи кои ми обезбедуваа сигурност за мене и за Кол. Но на крај, на Џон му дојде преку глава улогата на втора виолина и по шест месеци ме откачи.

Тоа беше добра лекција за мене.

Ми помогна да ги сменам критериумите за избор на момче - сега мораше да има добра работа, да биде одлучен, работлив и да има добри примања. Без оглед на тоа колку напорно работев, бидејќи не поседував никакви квалификации и немав некој посебен талент, никогаш немаше да успеам да заработам доволно пари за да обезбедам сигурна иднина за моето семејство. Сепак, бев доволно убава да си обезбедам *маж* со добри квалификации и талент.

По неколку години откако успеав да ги соберам деловите од моето скршено срце како резултат на мојата неуспешна врска со Џон, во мојот живот влезе Калум. Тој беше триесетгодишен богат адвокат. Прекрасен, културен, софистициран. Одлучена бев врската да успее и решив да станам совршена девојка за него. Имав навика да глумам дека сум некоја друга, особено откако сфатив дека тоа секогаш ми успеваше. Калум мислеше дека сум совршена. Бевме заедно две години - сè додека мојата таинственост во врска со моето семејство и

мојата неспособност да му дозволам „да влезе“ во мојот живот направи да се оддалечиме и на крај се разбира, ме откачи.

По раскинувањето со Калум ми беа потребни неколку месеци за да се приберам и да се вратам во нормала... а кога конечно успеав во тоа, веднаш се фрлив во прегратките на Тим. Тоа беше многу лоша одлука. Тим работеше за една инвестициска фирма. Беше толку многу опседнат со самиот себеси што на крај јас *нему* му раскинав. Потоа дојде Стивен. Стивен беше директор за продажба на една од оние здодевни фирми кои одат од врата на врата и ги нудат своите производи. Тој беше опседнат со работата, а јас мислев дека тоа ќе ни оди во прилог, но на крај излезе дека грешев. Џос мислеше дека Стивен ме откачи поради мојата неспособност да бидам флексибилна поради обврските кои ги имав кон моето семејството, но вистината беше дека јас го откачив Стивен. Стивен правеше да се чувствувам безвредно. Неговите коментари за мојата безвредност во секоја смисла на зборот ми враќаа многу спомени и иако и самата мислев дека освен мојот добар изглед не можев да се пофалам со некои други квалитети, кога моето момче ми го кажа тоа и направи да се чувствувам како платена придружничка, сфатив дека беше време да ставам крај.

Трпев многу глупости од луѓето, но имав свои граници и колку повеќе созревав, толку повеќе ги стеснував тие граници.

Сепак, Малком беше поинаков. Никогаш не правеше да се чувствувам лошо за самата себеси и досега нашата врска имаше убав тек.

„Каде е твоето Џек-пот момче?“

Погледнав преку рамото и го побарав, игнорирајќи го сарказмот во зборовите на Џос. „Не знам“, промрморев.

Со Малком беше како буквално да добив џек-пот. Тој беше адвокат и добитник на лото. Пред три години добил премија на националната лотарија ЕуроМилионс, се откажал од работата, од кариерата - едноставно почнал да живее нов живот како милионер. Но бидејќи бил

навикнат да работи, одлучил да си ја проба среќата во купување имоти и сега имаше цело портфолио со имоти кои лично тој ги поседуваше.

Стоевме во една стара зграда од црвени цигли. Зградата имаше валкани прозорци во правоаголна форма наредени во низа, што правеа повеќе да личи на некое складиште отколку на уметничка галерија. Внатрешноста беше сосема друга приказна. Имаше дрвен под, одлично осветлување и партери за изложување на делата. Совршено место за галерија. Малком се развел една година пред да добие лотарија, но се разбира, згоден, богат маж како него привлекуваше млади жени како мене. Наскоро потоа ја сретнал Бека, итра дваесет и шестгодишна уметничка од Ирска. Биле во врска неколку месеци, а по раскинувањето останале добри пријатели. Малком инвестирал во нејзината уметност, изнајмил галерија која се наоѓаше на неколку блокови од мојот стар стан во Лит.

Морав да признаам дека галеријата и уметничката изложба ми оставија прекрасен впечаток. Иако не разбирав што сакаа да кажат уметничките дела.

Малком успеа да собере група приватни купувачи за да учествуваат на свеченото изложување на новата колекција на Бека и за среќа, *тие* ги разбираа нејзините уметнички дела. Веднаш штом стигнавме, мојот партнер исчезна. Бека, која беше облечена во хеланки во металик боја и многу широк џемпер, се затрча кон нас, плескајќи со босите стапала врз ладниот дрвен под. Збунето ми се насмевна, го грабна Малком и му рече да пајде со неа за да ја запознае со присутните. Продолжив да шетам низ галеријата прашувајќи се дали јас немам око за уметност или пак оваа уметност едноставно беше за никаде.

„Помислив да купам нешто за станот, но...“ Брејден тивко свирна кога ја виде цената на сликата пред која стоевме. „Имам правило да не фрлам многу пари на глупости“.

Џос се намурти и кимна со главата согласувајќи се со него. Одлучив дека ќе биде најдобро да ја сменам темата

пред некој од нив да се осмели отворено да кажува непристојни работи за делата и прашав, „Каде се Ели и Адам?“

Ели беше вистинска душичка и внесуваше ведрина во секоја ситуација. Успеваше да го скроти остриот јазик на нејзината најдобра другарка и нејзиниот брат и токму поради тоа и нејзе ја поканив да дојде.

„Таа и Адам вечерва ќе останат дома“, Џос тивко одговори со сериозен глас што многу ме загрижи. „Денеска ги доби резултатите од магнетната резонанца. Се разбира, сè е во ред, но ѝ се вратија лоши спомени“.

Помина повеќе од една година откако на Ели ѝ беше направена операција за да ѝ ги отстранат бенигните тумори кои ѝ предизвикуваа болки и напади. Тогаш не ја познавав доволно добро, но една вечер, додека Ели закрепнуваше, Џос остана да преспие кај мене и ми раскажа дека тоа бил многу тежок период за сите. „Ќе поминам наскоро да ја видам“, реков, прашувајќи се дали навистина ќе успеам да најдам време за да го направам тоа. Животот ми беше доста хаотичен; работев две работи, се грижев за мајка ми и за Кол и го придружував Малком секаде каде што ќе ме повикаше.

Џос кимна со главата и загрижено ги собра веѓите. Таа најмногу се грижеше за Ели. *Добро, можеби не најмногу од сите*, помислив и го погледнав Брејден, чијшто намуртен израз на лицето кажуваше колку многу беше загрижен за неа.

Брејден можеби беше најзаштитнички настроениот брат кој некогаш сум го запознала, но бидејќи знаев како е да бидеш загрижен за помлад брат, немав срце да се пошегувам со него за тоа.

Се обидов да внесам малку ведрина во разговорот и се пошегував на сметка на мојот неверојатно катастрофален ден на работа. Во вторник, четврток и петок навечер работев во Клубот 39. Во понеделник, вторник и среда работев како личен асистент на Томас Микл, сметководител во фирмата за сметководство Микл и Јанг. Господинот Микл беше едно копиле со лош карактер

и бидејќи „личен асистент“ всушност беше само отмен збор за „поттрчко“, постојано бев мета на неговото променливо расположение. Некои денови мирно поминуваа и добро се согласувавме, други денови пак, како денешниот, цитирам - „не знаев каде ми е главата, а каде ми е задникот“- и бев целосно бескорисна во работата. Очигледно мојата бескорисност денес собори уште еден рекорд: немало доволно шеќер во неговото кафе, девојката во пекарницата не ме послушала кога ѝ реков да не става домати во неговиот сендвич и го немав испратено писмото кое господинот Микл *заборавил* да ми го даде. За среќа, утредента имав слободен ден за да одморам од Микл и од неговиот остар јазик.

Брејден еднаш се обиде да ме убеди да дадам отказ и да почнам хонорарно да работам за неговата агенција за недвижнини, но јас ја одбив неговата помош исто како што во минатото ги одбивав многуте понуди за помош од страна на Џос. Иако бев многу благодарна за нивната љубезност, одлучена бев секогаш сама да се снаоѓам во животот. Кога се потпираш на луѓето што ти значат, имаш големи очекувања од нив и на крај се разочаруваш. А јас навистина не сакав да бидам разочарана од Џос и Брејден.

Очигледно вечерва Брејден се трудеше да биде поупорен и сакаше да ги истакне придобивките кои би ги имала кога би работела за него. Одненадеж почувствував морници на тилот. Мускулите ми се згрчија и полека ја свртев главата. Зборовите на Брејден стануваа придушени кога забележав нешто што ми го привлече вниманието. Со треперливи очи гледав низ просторијата и во тој момент здивот ми запре, а погледот ми застана на еден тип кој зјапаше во мене. Погледите ни се сретнаа и од некоја чудна причина, почувствував физичка поврзаност со него, како сознанието за неговото присуство да ме закова во место. Срцето почна силно да ми бие, а во главата го почувствував силниот наплив на крвта.

Имаше големо растојание меѓу нас и не можев да видам каква боја на очи има, но можев да забележам дека

неговиот поглед беше замислен и длабок, а кренатата веѓа покажуваше дека и тој е исто толку збунет како што бев и јас од необичната тензија која се појави меѓу нас. Зошто ми го привлече вниманието? Не беше тип на човек кој обично би ме привлекол. Да, навистина беше згоден. Имаше неуредна, темно-руса коса и малку потпорасната секси брада. Беше висок, но не толку висок колку Малком. Сигурно немаше повеќе од 180 сантиметри. Со потпетиците што ги носев вечерта, сигурно бев повисока од него за неколку сантиметри. Можев да ги забележам неговите бицепси и истакнатите вени на рацете со оглед на тоа што глупакот носеше маица иако надвор владееше доцната зима. Не беше граден како типовите со кои обично излегував. Немаше широки раменици и не беше многу крупен. Беше убаво затегнат и мускулест. Ммм, „мускулест“ беше добар збор за него. Ги спомнав ли неговите тетоважи? Не можев да забележам што точно имаше истетовирано, но шареното мастило на неговата рака ми падна во очи.

Јас не излегував со тетовирани мажи.

Почнав да го губам здивот кога неговиот поглед почна да патува по моето тело, испитувајќи го од глава до петици и наеднаш почувствував како ме обзема некое возбудливо чувство. Почувствував како се грчам, обземена од неговиот продорен поглед, иако, обично кога некој тип ме меркаше на таков начин, ќе му возвратев со заводлива насмевка. Во моментот кога очите повторно му се упатија кон моето лице, ми понуди уште еден последен темелен поглед - поглед кој го почувствував како милување на целото тело - потоа го тргна погледот од мене. Се почувствував зашеметено и несомнено бев запалена додека го гледав како поминува зад еден од партерите за изложување на уметничките дела кои ја делеа галеријата на повеќе оддели.

„Кој беше тој?“ Гласот на Џос ја разби маглата која ми падна пред очите.

Почнав да трепкам, се свртев кон неа и сигурна сум дека имав вџашен израз на лицето кога ѝ реков, „Немам поим“.

Џос се поднасмевна. „Згоден беше“.

Некој се накашла зад неа. „Што рече?“

Нејзините очи злобно светнаа, но кога се сврте за да се соочи со нејзиното намуртено момче присвои невин изглед на лицето. „Мојот коментар беше исклучиво од естетска гледна точка, се разбира“.

Брејден се намурти и потоа силно ја повлече кон себе. Џос ми се насмевна, а јас не можев да направам ништо друго освен да ѝ возвратам со насмевка. Брејден Карлмајкл беше отворен, искрен и сериозен бизнисмен, а сепак Џоселин Батлер некако успеваше да го врти околу малиот прст.

Мислам дека стоевме таму отприлика еден час, пиевме од бесплатниот шампањ и разговаравме на секојдневни теми. Понекогаш бев преплашена кога двајцата беа заедно бидејќи беа толку многу интелигентни и имаа големо знаење од сите области. Не верував дека можам да се вклучам во разговорот и да додадам нешто паметно или интересно, па затоа само се смешкав и уживав во начинот на кој тие зајадливо разговараа еден со друг. Поинаку се чувствував кога бев сама со Џос. Многу подобро ја познавав од Брејден, и верував дека никогаш не би направила да се почувствувам дека треба да глумам нешто што не сум. Тоа беше добра промена од останатиот дел од мојот живот.

Помуабетивме со другите гости, обидувајќи се да не изгледаме збунети од нивниот ентузијазам за уметноста. По еден час, Џос се сврте кон мене и ми се извини. „Мораме да си одиме, Џо. Жал ми е, но Брејден има состанок рано изутрина“. Најверојатно го забележа моето незадоволство кога ја затресе главата и рече, „Знаеш што? Јас ќе останам. Брејден нека си оди. Ќе останам“.

Не. Никако не. И другпат сум се нашла во ваква ситуација. „Џос, оди дома со Брејден. Добро сум. Малку ми е здодевно, но добро сум“.

„Сигурна ли си?“

„Сигурна сум“.

Нежно ме стегна и го фати Брејден за рака. Ми кимна со главата, а јас ѝ се насмевнав и ѝ посакав добра ноќ, потоа ги гледав како поминуваат низ галеријата и се упатија кон делот каде што беа закачени палтата на гостите. Брејден како вистински господин ѝ го задржа палтото на Џос и ѝ помогна да го облече. Ѝ ја бакна косата пред да се сврти за да го земе неговото. Ја стави раката околу нејзините раменици и ја одведе надвор во ладната февруарска ноќ, оставајќи ме во галеријата со чудна, непозната болка во градите.

Погледнав во златниот Омега часовник што Малком ми го подари за Божиќ, и како и секогаш кога ќе погледнев за да видам колку е часот, жалев што сè уште не можев да го продадам. Тоа најверојатно беше најскапиот подарок што некогаш сум го добила и со него значително можев да ја зголемам нашата заштеда. Сепак, секогаш постоеше надеж дека мојата врска со Малком ќе се претвори во нешто позначајно и тогаш продавањето на часовникот немаше да дојде предвид. Но никогаш не си дозволував премногу да се надевам.

Часот беше девет и петнаесет. Пулсот ми забрза, а јас почнав да го барам телефонот во мојата мала, имитација на Гучи, чантичка. Немаше пораки. *Аман, Кол.*

Само што притиснав ИСПРАТИ на пораката во која го потсетував Кол да ми се јави веднаш штом ќе стигне дома, почувствував нечија рака околу мојата половина и убавиот мирис на колонската вода на Малком ги исполни моите сетила. Немаше потреба да ја кренам главата нагоре за да го погледнам во очи, бидејќи носев потпетици високи околу 12 сантиметри. Се свртев и се насмевнав, прикривајќи ја мојата загриженост за Кол кога погледите ни се сретнаа. Изгледав софистицирано во црвениот, тесен, Долче и Габана фустан што Малком ми го купи на нашето последно шопинг патување. Фустанот совршено ми ја истакнуваше убавата фигура. Го обожавав. Знаев дека ќе ми биде жал да го додадам на купот алишта за продажба на eBay.

„Тука си била“. Малком ми се насмевна, а неговите

кафени очи, околу кои полека се појавуваа секси брчки, светкаа. Имаше бујна, црна коса со секси бели прамени од страните. Постојано носеше костуми, а и вечерва не беше исклучок. Беше облечен во извонреден костум на Савил Роу. „Мислев дека твоите пријатели ќе бидат тука вечерва, инаку немаше да те оставам сама“.

Се насмевнав и му ја ставив раката на градите. „Не грижи се. Добро сум. Дојдоа, но мораа порано да си заминат“. Погледнав во телефонот што сè уште го држев во раката - *каде ли е Кол?* Како некои мали гремлини да се разбудија во стомакот и нетрпеливо почнаа да ми ја грицкаат утробата.

„Ќе купам една од сликите на Бека. Дојди со мене и глуми дека си воодушевена“.

Се насмевнав, но веднаш се почувствував лошо, па ги гризнав усните за да не забележи. „Многу ми е мило што не сум единствената која не ги разбира“.

Погледот му прошета низ галеријата, а усните му се собраа како да сакаше да се насмевне. „За среќа, овие луѓе се разбираат од уметност повеќе од нас, така што инвестицијата сигурно ќе ми се исплати“.

Ја држеше раката околу мене додека ме водеше низ галеријата. Отидовме зад еден партер, каде што Бека стоеше под едно огромно, монструозно дело од распрскана боја. За малку ќе се сопнев од сопственото стапало кога видов со кого навидум се расправаше.

Тетовираниот тип.

Да ти се плукнам.

„Добра си?“ Малком ме погледна и се загрижи кога ја почувствува напнатоста во моето тело.

Весело се насмевнав. Правило број еден: секогаш биди позитивна и шармантна пред него. „Супер сум“.

Тетовираниот тип ѝ се смешкаше на Бека, раката му беше на нејзиниот колк, се трудеше да ја повлече кон себе, а изразот на неговото лице беше смирен. Своеглаво го игнорирав фактот што здивот ми застана кога ја здогледав неговата блескава, злобна насмевка. Бека

изгледаше малку ладнокрвно, но потполно ја сфатив кога на крај му се фрли во прегратка. Помислив дека секоја жена би била подготвена да му прости сè на копилето кога би ја видела таа негова насмевка.

Го тргнав погледот од Тетовираниот тип и продолжив да одам по Малком, а кога тој застана, двајцата се свртеа кон нас. Образите на Бека ѝ беа вцрвенети, а очите возбудено ѝ светкаа. „Не ни обрнувајте внимание мене и на Кам. Се расправаме зашто е идиот“.

Не го погледнав, но слушнав дека се смее. „Не, се расправаме затоа што немаме ист вкус за уметност“.

„Кам ги мрази моите уметнички дела“, Бека рече и се намурти. „Не може да биде како сите други момчиња и барем да се потруди да ме излаже. Не. Сурово е искрен. Барем на Малком му се допаѓа мојата работа. Цо, ти кажа ли Мал дека ќе купи моја слика?“

Секој би помислил дека би била љубоморна на очигледната наклонетост на Малком кон Бека, и знам дека звучи лошо, но додека не ги видов нејзините уметнички дела, *бев* малку љубоморна. Јас не бев исклучително паметна, не знаев да цртам, не знаев да танцувам, не знаев да пеам, просечно готвев... За среќа, бев убава. Бев висока, имав долги нозе и безброј пати ми кажале дека имам добро тело и прекрасна кожа. Тоа, во комбинација со крупните зелени очи, долгата, густа црвенкасто - руса коса, нежните црти, сè на сè можеше да се каже дека бев едно атрактивно пакување по кое се вртеа сите уште откако бев тинејџерка. Да, немав многу, но знаев како да го користам тоа што го имав за доброто на моето семејство.

Кога видов дека Бека беше убава и талентирана малку се загрижив. Можеби на Малком ќе му здодее од мене и повторно ќе се смири со нејзе? Но, сепак, не толку ентузијастичкиот однос на Малком кон нејзината уметност направи да се чувствувам подобро за неговата врска со неа. Не дека тоа имаше некаква смисла.

„Да, ми кажа. Добар избор“. Му се насмевнав и можев да забележам дека одвај се воздржуваше да не се

изнасмее. Ја спушти раката од половината на мојот колк, а јас дојдов поблиску до него и погледнав во телефонот. Сè уште немаше никаков знак од Кол.

„Цо, ова е момчето на Бека, Камерон“, Малком одеднаш рече, а јас ја кренав главата за конечно убаво да го погледнам мажот кој избегнував да го гледам во последните неколку секунди. Погледите ни се сретнаа, а јас повторно почувствував наплив на возбуда низ целото тело.

Имаше темно сини очи и ми се чинеше како да ме соголуваат со поглед кога по вторпат внимателно ме погледнаа. Забележав дека погледот му падна на раката на Малком на мојата половина. Се здрвив додека Камерон нè гледаше двајцата, сфатив дека донесе некаков заклучок за нас, а изразот на неговото лице стана сериозен кога ги стегна усните.

„Здраво“, успеав да речам, а тој едвај кимна со главата. Пламенот во неговите очи кој претходно го имаше сега дефинитивно беше изгаснат.

Бека почна да разговара со Малком во врска со сликата, а јас ја искористив приликата уште еднаш да го проверам мојот мобилен. Слушнав некаква незадоволна воздишка, ја кренав главата, а очите ми се судрија со погледот на Камерон. Не можев да ја разберам непријатноста во неговиот поглед и не можев да си објаснам зошто во тој момент почувствував потреба да му речам *еби се*.

Обично кога ќе почувствувам дека некој е непријателски настроен кон мене, отстапувам и не изустувам ниту еден збор. Во овој случај, прекорот и осудата која ја забележав на лицето на тетовираниот идиот ме натера да посакам да му удрам тупаница и да му го скршам и онака несовршениот нос. Му беше малку накривен и наместо да му го огрди убавото лице, го правеше уште попривлечен.

Си го гризнав јазикот пред да кажам нешто што не треба, а погледот ми застана на неговите тетоважи. На десната подлактица пишуваше нешто со убави црни

букви - два збора кои не можев да ги прочитам без да се издадам дека се обидувам да ги дешифрирам. На левата рака имаше цртеж во многу бои и со многу детали. Ми изгледаше како змеј, но не можев со сигурност да одредам. Во тој момент Бека застана поблиску до него и ми го попречи видикот.

За момент се замислив, како можеше Бека по врската со тип како Малком, триесет и нешто годишен маж, секогаш стокмен во скроени костуми по мерка, да фати дваесет и нешто годишен тип како Камерон, кој носеше пилотски часовник, кожни алки, излитени Левис фармерки и маица од Деф Лепард, што изгледаше како многупати да била перена во машината за алишта.

„Мал, ја праша ли Џо за работата?“

Задлабочена во мислите, го погледнав моето момче. „Работа?“

„Бека, во ред е, навистина“, Камерон почна да инсистира, а неговиот длабок глас затрепери од некоја чудна емоција што не сакав да си признаам дека допре до моето тело. Моите очи се судрија со неговите и сфатив дека гледа во мене со блед израз на лицето.

„Глупости“, Малком одговори добронамерно и замислено ме погледна. „Сè уште барате нов шанкер во клубот, нели?“

Навистина баравме. Мојот пријател и колега (и љубовник за една вечер - го направив тоа бидејќи се чувствував ужасно по Калум), Крег, замина за Австралија. Во вторникот му беше последниот работен ден, а нашата менаџерка, Су, веќе една недела правеше интервјуа со новите кандидати. Знаев дека ќе ми недостига Крег. Неговото флертување понекогаш беше претерано и никогаш немав храброст да му кажам да замолчи (Џос го правеше тоа), но барем секогаш беше убаво расположен. „Да, зошто?“

Бека ми ја допре раката, а јас погледнав во нејзиниот молбен израз. Одеднаш сфатив дека иако беше неколку години постара од мене, со нејзините крупни сини очи, мека кожа и пискав глас изгледаше и звучеше како

мало девојче. Бевме многу различни. „Кам е графички дизајнер. Работеше за една фирма која се занимава со маркетинг и брендирање за познати компании низ целата држава, но имаа скратување на буџетот. На крај излезе тој што беше последен вработен, да биде прв отпуштен, а Кам почна да работи за нив пред само една година“.

Му упатив внимателен, но и сочувствителен поглед. Не е лесно да ја изгубиш работата. Но сепак, не знаев каква врска имав јас и работното место за шанкер.

„Бека“. Кам сега изгледаше како да му е непријатно. „Ти реков дека ќе се снајдам сам“.

Таа се вцрви кога ѝ го упати тој остар поглед, а јас одеднаш почувствував некаква поврзаност со неа. Не бев единствената која се плашеше од него. „Кам, дозволи ми да ти помогнам“. Повторно се сврте кон мене. „Се мачи...“

„Се мачам да најдам работа како графички дизајнер“. Кам ја пресече, а неговите сини очи се запалија од преголемата фрустрираност. Сфатив дека неговото навидум лошо расположение немаше никаква врска со мене, туку се должеше на оваа ситуација. „Малком ми кажа дека се отворило место со полно работно време во Клуб 39, а јас имам искуство како шанкер. Ми треба нешто да работам додека не најдам работа каква што барам. Ако можеш да ми закажеш интервју, би ти бил благодарен“.

Не знам зошто одлучив да му помогнам, со оглед на тоа што не ми се допаѓаше ни тој, ни неговото однесување. Се изненадив самата себеси кога му одговорив, „Вака ќе направиме. Ќе зборувам со мојата менаџерка и ќе ѝ го дадам твојот број“.

За момент се загледа во мене, а јас почнав да се прашувам што ли поминува низ неговата глава. На крај полека кимна со главата. „Во ред, фала. Мојот број е...“

Во тој момент ги почувствував вибрациите на мојот телефон во раката, го кренав и погледнав во екранот.

Дома сум, се вратив од кај Џејми. Престани да паничиш. Кол.

Воздивнав кога напнатоста од моето тело исчезна и побрзав да му одговорам на пораката.

„Що?“

Ја кренав главата и ги видов кренатите веѓи на Малком.

Леле. Бројот на Кам. Се вцрвив кога сфатив дека сосема заборавив на него кога ми стигна пораката на Кол. За да му се извинам, му упатив срамежлива насмевка, која беше пречекана со негов ладен израз на лицето. „Извини. Кој беше твојот број?“

Незаинтересирано, набрзина го изрецитира бројот, а јас го запишав во телефонот.

„Уште утре ќе ѝ го дадам“.

„Да, сигурно“, одговори со неверување, што навестуваше дека мисли дека не сум способна да запаметам да го направам тоа.

Неговиот однос кон мене ме погоди, но јас одлучив да не дозволам да ме вознемири и со среќен израз на лицето, силно го прегрнав Малком, задоволна од фактот што Кол беше безбедно вратен во нашиот стан на улицата Лондон.